

# ЛАДИСЛАВ ЦВЕТКОВСКИ LADISLAV CVETKOVSKI

МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ - ОТВОРЕНО ГРАФИЧКО СТУДИО
MUSEUM OF THE CITY OF SKOPJE - OPEN GRAPHIC ART STUDIO

# ЛАДИСЛАВ ЦВЕТКОВСКИ

# LADISLAV CVETKOVSKI

МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ

МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ - ОТВОРЕНО ГРАФИЧКО СТУДИО
MUSEUM OF THE CITY OF SKOPJE - OPEN GRAPHIC ART STUDIO

11 - 12 / 2006



**Ладислав Цветковски** во своите дигитални графики ја *укинува* фиксираноста на своите *ликовни* знаци, ја укинува нивната тематска препознатливост. Наместо, таквата традиционална хиерархија и механичкиот гест, Цветковски во електронскиот простор употребува визуелна повеќеслоевитост, виртуелна дескрипција, каде читањето на самите дигитални композиции е повеќе "топографско", отколку, тематско од *еден поглед*.

Благодарение на компјутерскиот оперативен метод на обработка, Цветковски ги проширува графичките знаци во дигитални нивоа вон простата димензија на линеарниот тек; ги продолжува во структури и експресии што ги пресекуваат традиционалните класификации на ликовната графика. Креира доживувања на семантички мрежи, каде линеарноста на значението се изместува во еден чист процес на бесконечни асоцијативни врски, создава трансформации од ни-една тема која доминира врз *сите останати*. Наместо просторното и директното, тука имаме работа со менталното и дигиталното. Се намалува разликата меѓу авторот и гледачот, меѓу вообликувачот и корисникот, односно, се добива можност за нивна меѓусебна прелоцираност во толкувањето на делото; дело кое сега станува *реалност* на менталните огледала.

Контролата врз самото доживување на дигиталните графики на Цветковски преминува во разновидна игра. Наместо препознатливите стриктни субординации и супститути, овие графики се комбинирано дигитално ткаење на визуелното, коегзистенција на мноштво еднакво вредни значења и движења. Де-спацијализација на погледот од традиционалниот медиум во читањето за поврзаноста и подвижноста на самите електронски знаци.

Неговите графики непрекинато произведуваат мобилни кодови, чијашто функција е да бидат флуидни, "конкретни" во својата различна слоевитост, да бидат ефекти на несовршени линии, да бидат во *движење*. Фрагментарни *форми*, замена и променливост на фрагментарните *места* во нивните меѓусебни *текстури*, структурализација на авторските идеи во знаковни можности што се во согласност со компјутерските "принципи", односно, со принципите на слободната противречност и доволната причина. Мноштво на односи и дејства што можат да се толкуваат одвоени од своите "зададени" елементи. На тој начин, не се менува само "просторот" на творење, туку, се менува и начинот на читање, односно, се здобиваме со поинакви искуствени модалитети во процесот на ментализација на визуелното.

Делото на Цветковски не е веќе визуелизација на мислите, туку ре-ментализација на *боените* и *апстрактни* површини, интензивирање на метафоричноста на цртежот, на сегментираните кадри и извлечените *фигурации*, воопшто, потенцирање на изместената слобода во авторското доживување на знаковното...

Во дигиталните записи на Ладислав Цветковски добиваме редефинирани релации со класичниот медиум, односи полни со двосмислености и амбиваленции помеѓу гледачот и авторот, динамично и монтажно пренесување на приватните расположенија/впечатоците од стварноста во дигиталната процесуалност на знаковното.

Дејан Буѓевац

Attachment,
дигитален
печат на
платно /
digital print on
canvas
70 x 100
2005

With his digital graphics **Ladislav Cvetkovski** revokes the stationary nature of his *figurative* symbols, he revokes their thematic recognisability. In their place, that of the traditional hierarchy and mechanical gesture, Cvetkovski uses the visual multilayeredness of the electronic space, a virtual description in which the very reading of the digital compositions themselves is more 'topographical' than thematic from a certain point of view.

Thanks to his computerised method of operation, Cvetkovski expands the graphic symbols on the digital level towards a pure linear course; he extends these into structures and expressions that sever the traditional classifications of the graphic print. He creates experiences of semantic networks, where the linearity of their significance moves towards a pure process of endless associative links, creating transformations from no one theme dominating over *all the rest*. In place of spatial and direct treatment what we have here is mental and digital treatment. The distinction between the artist and the viewer is reduced, as is that between the shaper and the user; that is to say, there is a possibility of their mutual relocation in the interpretation of the work, a work which becomes the *reality* of mental mirrors.

Cvetkovski's control of the experience of digital graphics itself becomes a varied game. Instead of recognisable strict subordinations and substitutions, these graphics are a combined digital interweaving of a

Лузна
Scar,
дигитален
печат на
платно /
digital print on
canvas
70 x 100
2005



Повторно поврзан
Reconected,
дигитален печат на платно / digital print on
canvas, 70 x 100, 2005



Едносмерно
Oneway,
дигитален печат на платно / digital print on
canvas, 70 x 100, 2005



multiplicity of equally valid meanings and movements, a despatialisation of the view of the traditional medium in the reading of the interlinking and mobility of the electronic signals themselves.

His graphics unceasingly produce mobile codes, the function of which is to be fluid, 'concrete', in their varying stratification, to be effects of uncompleted lines, to be *in motion*. The fragmentary *forms*, their alteration and mutability in the fragmentary *places* of their combined *texture*, the structuralisation of the artist's ideas within the semantic possibilities offered by computer 'principles', that is to say the principles of free contradiction and sufficient cause. The multiplicity of relationships and activities that can be interpreted apart from their 'given' elements. In this fashion not only is the creative 'space' changed but also the method of reading it, that is to say we receive different experiential modalities in the process of our mental reception of the visual.

Cvetkovski's work is no longer the visualisation of thoughts but the mentalisation of the *coloured* and *abstract* spaces, an intensification of the metaphoric quality of the drawing, of segmentary shots and the extended figurations as a whole, an emphasis on the dislocated freedom in the artist's experience of what is signalled...

In Ladislav Cvetkovski's digital transcripts we have redefined relations to the classical medium, relationships full of ambiguity and the ambivalence between the viewer and the artist, a dynamic and montage-like conveying of private moods and impressions from reality in the digital process of signification.

Dejan Budjevac

translated into English by Graham W. Reid





Средба во бело
Mitting in white,
дигитален печат на платно / digital print on canvas
70 x 100, 2005

ЛАДИСЛАВ ЦВЕТКОВСКИ е роден 1965 г. во Скопје. Во 1990 г. дипломирал на одделот за графика и графички дизајн на Факултетот за ликовни уметности во Скопје во класата на проф. Димитар Малиданов. Кај истиот професор 2003 г. ги завршува и постдипломските студии. Од 1991 г. е член на ДЛУМ у ДЛУПУМ. Од 1990 г. Ладислав Цветковски освен со ликовна уметност се занимава и со графичкиот дизајн. Соработува со Кинотеката на Македонија, со Музејот на современата уметност, со Музејот на град Скопје и со Уметничката галерија Скопје, Македонската академија на науките и уметностите како и со други установи и издавачки куќи во Македонија, а работи и проекти за Министерството за култура на Република Македонија, Собранието на Република Македонија и др. Дизајнира проекти и за UNDP, USAID, OSCE, ICE и други меѓународни институции. Дизајнер е на значајни монографски изданија: Македонска Карикатура, Архитектурата и монументалната уметност во Скопје, Демократска Македонија, Животот во Скопје (1918-1941), The Republic of Macedonia, Благоја Чушков, Икони од Музејот на Македонија и др.
Од 1994 до 1999 г. беше вработен како дизајнер во Музејот на современа уметност во Скопје, а од 1999 г. работи во дизајнерското студио Скенпоинт АД во Скопје.

**Самостојни изложби:**
2002 - Крањ, Република Словенија, Галерија Дом
2003 - Скопје, Музеј на современата уметност
2004 - Скопје, Музеј на град Скопје
2004 - Скопје, Француски културен центар
2005 - Битола, Уметничка галерија - Битола

**Групни изложби:**
1989 - Изложба на млади сликари, Дом на АРМ, Скопје / 1990 - 7. Триенале на графика, Битола / 1990 - Есенски ликовен салон, 68 македонски автори, мал формат, Галерија Глам, Скопје / 1991 - 3. Биенале на младите, Музеј на современата уметност - Скопје / 1992 - Нова генерација на ДЛУМ, Галерија ДЛУМ, Скопје / 1997 - 4.Триенале на графики од мал формат во Шамалие, Франција / 2001 - Сува игла, Галерија на ДЛУМ, Скопје / 2004 - Осјек, Млада македонска графика, Фоаје Хрватског Народног казалишта - Осјек / 2005 - Зимски салон на ДЛУМ, Музеј на град Скопје, Скопје / 2006 - Графички имагинации, Музеј на град Скопје, Скопје

**Награди и признанија:**
1991 - Откупна награда за цртеж на 3. Биенале на малади - Музеј на современата уметност, Скопје. / 2005 - Добитник на Наградата за најдобро дизајнирана публикација во 2004 за Монографијата Икони од Музејот на Македонија, наградата ја додели Институтот Отворено Општество Македонија.

Адреса: Франклин Рузвелт 72/11, 1000 Скопје
тел.: +389 (0)2 3166 734;
e-mail: ladislav.cvetkovski@mt.net.mk

LADISLAV CVETKOVSKI was born in Skopje in 1965. In 1990 he graduated from the Department of Graphic Art and Design at the Faculty of Fine Arts in Skopje in the class of Prof. Dimitar Malidanov. In 2003 he completed the post-graduate studies with the same professor. Ladislav Cvetkovski is engaged in the fields of fine arts and graphic design. He cooperates with the Cinematheque of Macedonia, with the Museum of Contemporary Art, with the Museum of the City of Skopje and with the Art Gallery, as well as with the Macedonian Academy of Arts and Sciences and other institutions and publishing houses in Macedonia. He was engaged in the projects of the Ministry of Culture of the Republic of Macedonia, the Parliament of the Republic of Macedonia, etc. He also designs projects for the UNDP, USAID, OSCE, ICE and other international institutions. He designed of significant monographic editions as: Macedonian Cartoon, Architeture and monumental art in Skopje, The life in Skopje (1918 - 1941), The Republic of Macedonia, Blagoja Cuskov, Icons from the Museum of Macedonia and others.
From 1994 to 1999 he worked as a designer at the Museum of Contemporary Art in Skopje, and since 1999 he's been working at the designing studio Skenpoint A. D. Skopje.

**Solo exhibitions:**
2002 - Kranj, Republic of Slovenia, Gallery "Dom"
2003 - Skopje, Museum of Contemporary Art
2004 - Skopje, Museum of the City of Skopje
2005 - Skopje, France Cultural Center
2005 - Bitola, Art Gallery - Bitola

**Group exhibitions:**
1989 - Exhibition of Young Painters, Army Center, Skopje / 1990 - Seventh Triennial of Graphic Art, Bitola / 1990 - Autumn Art Salon, 68 Macedonian Artists, small scale format, Gallery "Glam", Skopje / 1991 - Third Biennial of Young Artists, Museum of Contemporary Art, Skopje / 1992 - New Generation of DLUM (Association of Fine Art Artists of Macedonia), DLUM Gallery, Skopje / 1997 - Fourth Triennial of Small Scale Graphic Prints, Chamallier, France / 2001 - DLUM Gallery (Graphic Workshop "Dry Point"), Skopje / 2004 - Young Macedonian print art, HNK, Osijek, Croatia / 2005 - Winter salon of DLUM (Association of Fine Art Artists of Macedonia), Skopje, Museum of the City of Skopje / 2006 - Graphic imaginations, Museum of the City of Skopje

**Awards:**
1991 - Award for drawing at The Third Biennial of Young Artists - Museum of Contemporary art, Skopje
2005 - Award for the best designed publication in 2004, for the Monograph Icons from the Museum of Macedonia, the award was from the Open Society Institute Macedonia

Address: Franklin Ruzvelt 72/11, 1000 Skopje,
Republic of Macedonia,
Tel.: +389 (0)2 3166 734;
e-mail: ladislav.cvetkovski@mt.net.mk



# ЕВГЕНИЈ ПАНТЕВ EVGENIJ PANTEV

МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ - ОТВОРЕНО ГРАФИЧКО СТУДИО
MUSEUM OF THE CITY OF SKOPJE - OPEN GRAPHIC ART STUDIO

ЕВГЕНИЈ ПАНТЕВ

EVGENIJ PANTEV

МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ

МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ - ОТВОРЕНО ГРАФИЧКО СТУДИО
MUSEUM OF THE CITY OF SKOPJE - OPEN GRAPHIC ART STUDIO

11 - 12 / 2006



E/A drypoint – PUZZLE I – E. Panteva

**Евгениј Пантев** во своите графики ја истражува максималната издржливост на ликовната постапка наречена *сува игла.*

Како непосреден израз на графичкото мислење, како суптилна парадоксалност во својот мултиоригинален процес, сувата игла на Пантев му овозможува фина транспозиција на сопствената поетика, на цртачките промислувања и на композиционите гестикулации.

Во една континуирана работа, Пантев ја продлабочува *затворената* можност на самиот медиум, ги манифестира *наједноставните* принципи - цртеж непосреден на плоча - во еден креативен процес; во процес доволно хедонистички определен за да може авторски да издржи/истрае во самата тематска *ограниченост*. Придржувањето на техничкиот аспект на работата е и самата слобода во изразувањето.

*Покрај* претходно замислениот *изглед* на делото, техничките и студиските прилики на истражување ја претставуваат, всушност, самата тематска содржаност, самата мотивираност, односно, самата чувствителност на настанувањето. *Темата* кај Пантев се состои во себичната и долготрајната строгост на врежувањето, во широките можности на таквата постапка, во "шкртоста" на процесуирањето и камерното случување на делото, во мекоста и отпорот на материјалот, во тактилноста на притисокот и деликатното разградување за да се добие, во една аскетска смисла, *сфуматозната* перспектива на линијата.

Во творењето на своите графики, Пантев како матрица ја употребува"puzzle" формата. Меѓутоа, за разлика од нејзината препознатлива нумерирана употреба, како дел или единица од една целина/сложувалка, кај Пантев "пазл" формата добива самостојна состојба, независна од било каква заедничка организираност. Тој го издвојува "пазл-от", го укинува како употреблив дел од некоја комерцијална предметност, го продолжува во една нова игра посветена на *индивидуализацијата*; го преместува во *препознатливоста* со човечката креатура, со облината, со торзото.

На тој начин, Пантев ја гради исечената *форма* на матрицата, во чија внатрешнина го провлекува дејството и длабочината на линијата. Внатре, во *исеченоста*, во изрежаноста, тој ја бразди сугестивноста на својата поетика, затегнатата експресивност на цртачката претстава, креира линиски *мемории* без никакви одредби за сценографскиот контекст, лирски инсерти и графизми, разни апстрактни амбиенти, урбани исечоци, *пејсажни* гестикулации, геометризирани *дескрипции*, гради светлотемни односи во еден пастелен манир, една линеарна и мека напнатост во колоритот на нијансирањето.

Графиките на Пантев се фин пример на една поетска истрајност и емотивна верба во специфичната техника како што е сувата игла. Неговите дела, неговите ненаметливи фрагментарни записи, го изразуваат личниот опис на самата техника, не-случајниот избор и договор помеѓу сувата игла како творечки процес и личните желби, односно, внатрешните барања на Евгениј Пантев.

Дејан Буѓевац

Puzzle I,
сува игла
drypoint
50 x 70
2004



Puzzle II,
сува игла / drypoint, 50 x 70, 2004



Puzzle III,
сува игла / drypoint, 50 x 70, 2004

In his graphic prints **Evgenij Pantev** explores the maximum resilience of the artistic procedure known as *dry-point etching.*

As a direct mode of expression of graphic thought, as a subtle paradox in this highly original process, Pantev's dry-point enables him to create a fine transposition of his poetics, of his draughtsman's deliberations and of his compositional gesticulations.

In his on-going work Pantev deepens the *closed* potential of the medium itself, demonstrating its simplest of principles – a drawing made directly onto the plate – in a creative process, in a process sufficiently hedonistically defined that he, as an artist, can survive, endure in the thematic restrictedness. His adherence to the technical aspect of his work is at one and the same time a sign of the freedom of his expression.

*In addition* to the previously well-thought-out *appearance* of his work, the techniques and the studious research undertakings are, in fact, its thematic content, its motivation, in other words the sensitivity of its coming into existence. Pantev's subjects are the 'selfish' and long-lasting severity of the engraving itself, within the extensive possibilities of the technique; it lies in the 'sparingness' of the procedure and the chamber-like quality of the creation of the work, in the malleability and the resistance of the materials in the tactility of the pressure and the delicate deconstruction in order to achieve, in an ascetic sense, the *sfumato* perspective of the line.

In creating his graphics, Pantev uses as his matrix the form of the 'puzzle'. In contrast, however, to its recognisable numerical use as a part of a unit within a

Puzzle V,
сува игла
drypoint
50 x 70
2005



E/A drypoint Puzzle I Evgeniy Pantev 2005



E/A drypoint — Puzzle VII — Evgeny Panev 2006

whole, a jigsaw puzzle, in Pantev's case the 'puzzle' acquires an independent status, unrelated to any combined organisation whatsoever. He isolates the 'puzzle', abrogates it as a utilitarian part of some commercial objectiveness and carries it on into a new game devoted to individualisation; he relocates it in its *recognisability* in terms of a human creature, with a fullness, with a torso.

In this fashion Pantev builds up the truncated *form* of his matrix, in the innards of which he draws out the action and the depth of the line. Inside, in that truncated form, in its cut-off state, he ploughs the suggestiveness of his poetics, the tense expressiveness of his draughtsman's concept, creates linear *memories* without any stage-directions for a scenographic context, creating lyrical inserts and graphisms, various abstract ambients, urban light-and-dark relations in a pastel manner, a linear and gentle tautness in the nuances of the use of colour.

Pantev's graphic prints are a fine example of a poetic resolution and an emotive belief in the specific technique of etching. His works, his unassuming, fragmentary transcriptions, give expression to his personal description of the technique itself, a not accidental choice and a contract between etching as a creative process and Evgenij Pantev's personal wishes, that is to say his intimate desires.

Dejan Budjevac

Translated into English
by Graham W. Reid

Puzzle VII,
сува игла
drypoint
50 x 70
2006



Puzzle VI,
сува игла / drypoint, 50 x 70, 2005



Puzzle IV,
сува игла / drypoint, 50 x 70, 2005

ЕВГЕНИЈ ПАНТЕВ, роден 1966 во Софија, Бугарија
Дипломирал на одделот за графика и графички дизајн на Факултетот за ликовни Уметности, Скопје 1991. Живее и работи во Скопје и Софија, како слободен уметник-графичар

**Самостојна изложба:**
Француски културен центар, Скопје 2005

**Групни изложби:**
1995, 2004 - Меѓународно Триенале на графиката - Софија, Бугарија / 2005 - Меѓународно Биенале на графиката - Варна, Бугарија / 2003, 2004, 2005, 2006 - Леседра-Мегународна графичка изложба - Софија, Бугарија / 1994, 1997 - Меѓународно графичко Триенале - Битола, Република Македонија / 1997, 1998, 1999, 2001, 2002, 2003, 2004, 2005 - Мини Принт Интернационал, Кадакес, Шпанија / 1997 - Светско Триенале на графики мал формат- Шамалије, Франција / 1998 - Меѓународно графичко Триенале, Труа Ривер, Канада / 2001, 2002, 2005 - Меѓународно графичко Биенале Сува игла, Ужице, Србија / 1997 - Меѓународно графичко Биенале на графики мал формат, Лесковац Србија / 2005,2006 - Меѓународен графички салон на мала графика, Карбунари, Романија / 2005 - Меѓународна изложба-Мини принт, Евро Арт центар, Сараево, Босна и Херцеговина / 2003, 2006 - Меѓународно Триенале на графиката, Египет / 2005 - Меѓународно Биенале на експерименталната графика, Темишвар, Романија / 2006 - Меѓународна графичка изложба на минијатури, Вилниус, Литванија / 2006 - Меѓународно графичко Биенале на минијатури, Честохова, Полска / 2006 - Учество на Ми Арт, Милано, Италија

**Воркшопови, грантови, награди:**
1993 - грант од СЦСУ, "Arts Link fellowship", Универзитет Рутгерс, RCIPP, Рутгерс Центар за иновации во графиката, Њу Џерси, С.А.Д / 1995 - Арт резидент програма, Меѓународна Акадермија за уметност и дизајн, Пентимент, Хамбург, Германија / 1997 - Годишна графичка изложба, откупна награда / 1998 - Арт резидент програма, Академија за визуални Уметности, "La Cambre", Брисел, Белгија

**Адреса:**
ул.Михаил Чаков 9/4/2 1000 Скопје
тел: +389 (0)2 2776 038
моб: +389 (0)75 845 313
e-mail: evgpan@freemail.com.mk

EVGENIJ PANTEV was born in Sofia, Bulgaria ,1966. Graduated from the Faculty of Fine Arts, department of Graphic Art, (printmaking /graphic design) in Skopje,Rep.of Macedonia – BFA1991. Works ahd lives in Skopje and Sofia as a free-lance graphic artist - printmaker

**Solo exhibition:**
2005- Graphic exhibition at Centre Culturel Francais de Skopje, Rep. of Macedonia

**Group exhibitions:**
1995, 2004 - International Triennial of Graphic Arts - Sofia, Bulgaria / 2005 - International Print Biennial Varna, Bulgaria / 2003, 2004 , 2005, 2006 - Lessedra world art print annual, Sofia, Bulgaria. / 1994, 1997 - International Triennial of Graphic Art, Bitola R.of Macedonia / 1997,1998,1999, 2001, 2002, 2003,2004, 2005 - Mini print International, Cadaques-Spain / 1997 - Triennale Mondiale d'estampe petit format Chamalieres, France / 1998 - Triennale Internationale d'estampe de Trois-Riveres, Canada / 2001, 2003, 2005 - International Graphic Art Biennial, Dry Point Uzice, Serbia / 1997 - International Biennial of small format print, Leskovac, Serbia / 2005, 2006 - International Small Engraving Salon, Carbunari Romania / 2005 - International Mini Print Euro Art Center, Sarajevo, Bosnia and Herzegovina / 2003, 2006 - International Print Triennial Egypt / 2005 - International Experimental Engraving Biennial Timisoara, Romania / 2006 - International Annual Miniatures Exhibition, Vilnius, Lithuania / 2006 - International Biennial of Miniature Art, Czestochowa, Poland / 2006 - Participation at MiArt, Milano/ Italy

**Residencies, Grants, Awards:**
1993 grant from S.C.C.A.network –ArtsLink- Fellowship, Rutgers University- RCIPP, Rutgers Center for Innovative print & paper, New Jersey,USA / 1995 - Art residence program, International Academy for art and design - Pentiment Hamburg- Germany / 1997 - National graphic exhibition -annual purchase award / 1998 - Art residence at " Ecole National Superieure des Arts Visuels –" La Cambre" Bruxelles, Belgium

**Address:**
Mihail Cakov 9/4/2, 1000 Skopje
Republic of Macedonia
Tel: +389 (0)2 2776038
Mobil: +389 (0)75 845 313
e-mail: evgpan@freemail.com.mk

---

Издавач: Музеј на град Скопје / Одговорен уредник: Јован Шурбановски / Организација: Атанас Ботев / Текст: Дејан Буѓевац / превод на текстот на англиски: Греам Рид / Дизајн: Ладислав Цветковски / Печат: Скенпоинт / реализација на изложбата: Музеј на град Скопје, ноември - декември 2006
Publisher: Museum of the City of Skopje / For the publisher: Jovan Surbanovski / Organisation: Atanas Botev / Text: Dejan Budjevac / Text translatiot: Graham W. Reid / Design: Ladislav Cvetkovski / Print: Skenpoint / Realisation: Museum of the City of Skopje, November - December 2006

Каталогот е реализиран со подршка на Скенпоинт
The catalogue is realized with the support of Skenpoint

ISBN 9989-156-33-6